# ЗАПОЗНАЈТЕ СЕ СО АГЕНЦИЈАТА ЗА ПОШТИ

www.ap.mk

**Агенцијата за пошти** е независно регулаторно тело во областа на поштенските услуги, правно лице основано со Законот за поштенските услуги, како самостојно и непрофитно правно лице, кое врши јавни овластувања.

Агенцијата за пошти започна со работа во јули 2008 година.

**Основач** на Агенцијата за пошти е Собранието на Република Северна Македонија.

Агенцијата за пошти како независно регулативно тело со надлежности и овластувања се грижи за законско и ефикасно функционирање на пазарот на поштенски услуги, со цел заштита на правата на корисниците на поштенските услуги.

**НАША МИСИЈА** е обезбедување транспарентност и одговорност во својата работа и воспоставување на силен и ефикасен систем за квалитетно обезбедување на поштенски услуги со целосна либерализација на пазарот.

**НАША ВИЗИЈА** е динамичен и конкурентен пазар кој овозможува пристап за сите корисници до конкурентни и квалитетни производи и услуги. Нашата визија е

креирање на поштенски пазар со иновативна, кориснички ориентирана и ефикасна поштенска мрежа во која давателите на поштенски услуги нудат услуги кои одговараат на социјалните и технолошките промени и се во релација на потребите на корисниците.

## ВРЕДНОСТИ

- Транспарентност
- Ефикасност и ефективност
- Професионалност
- Транспарентност и отчетност
- Инклузивност
- Етичност
- Грижа за човечкиот капитал

# РАКОВОДСТВО

Со Агенцијата раководи **директор**, избран на јавен оглас од Комисијата, со мандат од пет години и право на уште еден последователен мандат.

Директорот ја застапува и претставува Агенцијата и е одговорен за законитото работење на истата.

**Комисијата на Агенција за пошти** се состои од пет члена кои ги именува и разрешува Собранието на Република Северна Македонија, со мандат од пет години, со право на втор мандат. Со Комисијата раководи претседател, а во случај на спреченост на претседателот го заменува заменик-претседателот избран од членовите на Комисијата.

## Стручна служба на Агенцијата за пошти

Во Агенцијата за пошти, Стручната служба која брои шест директорати со вкупно вработени 15 лица.

## Директорати

- Директорат за регулатива, лиценцирање и правни работи
- Директорат за финансии, сметководство и економски прашања од поштенската област
- Директорат за следење и анализа на пазарот
- Директорат за заштита на права на корисници и односи со јавноста
- Директорат за поштенски мрежи и меѓународна соработка
- Директорат за координација на работата на директорот и на Комисијата на Агенција за пошти

### Директорат за регулатива, лиценцирање и правни работи

- Директоратот извршува работи кои се однесуваат на активности во постапката за лиценцирање на даватели на поштенски услуги, следење и надзор на усогласеност со обврските по рекламации и приговори, управни постапки и други правни работи на Агенцијата.

## Директорат за финансии, сметководство и економски прашања од поштенската област

❖Директоратот извршува работи кои се однесуваат следење и надзор на финансискиот аспект во обезбедувањето на поштенските услуги, одобрување и контрола на трошоците за обезбедување на универзалната услуга, како и финансиски и сметководствени работи на Агенцијата.

## Директорат за следење и анализа на пазарот

❖Директоратот извршува работи кои што се однесуваат на прибирање, проверка, систематизирање и анализирање на податоци од поштенскиот пазар, следење и надзор усогласеност на обврските од универзалната услуга, како и следење на реализација на мерките и активностите на НПАА.

## Директорат за заштита на права на корисници и односи со јавноста

❖Директоратот извршува работи кои што се однесуваат на следење, постапување и надзор над усогласеност со

остварување на правата на корисници на поштенски услуги, администрација на база на податоци, како и прашања кои се однесуваат на јавноста.

## Директорат за поштенски мрежи и меѓународна соработка

- Директоратот извршува работи кои што се однесуваат на следење и надзор на усогласеност со обврските за одржување и развој на поштенската мрежа и национална покриеност од давателот на универзалната услуга, прашања за интероперабилност на поштенските мрежи и меѓународна соработка.

## Директорат за координација на работата на директорот и на Комисијата на Агенција за пошти

- Директоратот извршува работи кои што се однесуваат на организирање и координација на работите кои се во делокруг на надлежностите на Комисијата на Агенција за пошти и директорот, службена коресподенција и превод, како и прашања за информации од јавен карактер.

## ПОИМИ ОД ОБЛАСТА НА ПОШТЕНСКИТЕ УСЛУГИ

### Што е поштенска пратка?



Поштенска пратка е пратка адресирана со полна адреса која треба да се пренесе од страна на давател на поштенски услуги. Во поштенски пратки спаѓаат пратки за кореспонденција, пратки за слепи лица, директна пошта, книги, каталози, весници, периодични списанија и пакети кои содржат стока со или без означена вредност.

### Што е давател на поштенски услуги?

Давател на поштенски услуги е домашно или странско правно или физичко лице кое обезбедува поштенски услуги согласно со овој закон.

## Што е давател на универзална услуга?

Давател на универзална услуга е давател на поштенски услуги кој обезбедува универзална услуга на територијата на Република Македонија во согласност со овој закон.

## Што е универзална услуга?

Универзална услуга е пакет од определени поштенски услуги кои постојано се обезбедуваат на целата територија на Република Македонија, со определен квалитет и по пристапни цени за корисниците на услугата.

## Каде можам да добијам информација кои правни субјекти имаат добиено Општо овластување за обезбедување на поштенски услуги?

Сите правни субјекти кои имаа добиено Општо овластување за обезбедување на поштенски услуги издадено од Агенцијата се јавно објавени на веб страната на Агенцијата во Регистар на лиценци.

## Што е Општо овластување за обезбедување на поштенски услуги?

Општо овластување е акт со кој Агенцијата за пошти на давател на поштенски услуги му дава право за обезбедување на поштенски услуги согласно со поднесената нотификација.